Навистина, Божјиот пратеник се огради од жената што гласно оплакува, од онаа што си ја кине облеката и од онаа што ја бричи косата поради жалост.“

Ебу Бурда бин ебу Муса, Аллах нека е задоволен со двајцата, раскажува: Ебу Муса се разболе од тешка болест и падна во несвест, а главата му беше во скутот на една жена од неговото семејство. Не можеше да ѝ одговори на ништо. Кога се освести, рече: „Јас се оградувам од она од што се оградил Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Навистина, Божјиот пратеник се огради од жената што гласно оплакува, од онаа што си ја кине облеката и од онаа што ја бричи косата поради жалост.“

[متفق عليه] [صحيح]

Ебу Бурда раскажува дека неговиот татко, ебу Муса ел-Ешари, Аллах нека е задоволен со двајцата, се разболел од тешка болест и паднал во несвест. Главата му била во скутот на една жена од неговото семејство, која започнала гласно да вика и да го оплакува. Поради несвестицата, тој не можел да ѝ каже ништо. Кога се освестил, рекол дека се оградува од она од кое се оградил и Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кој се оградил од следниве постапки: Жената што гласно оплакува и крева глас при несреќа. Таа што си ја бричи косата поради несреќа. И таа што ја кине облеката поради несреќа. Овие постапки се од обичаите на времето на незнабоштвото (џахилиетот), додека исламот наредува трпеливост при несреќата и очекување на Аллаховата награда.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4849